Агенција за вработување на Република Македонија

Врз основа на Оперативниот план за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2016 година, за активната мерка – **Обука за основни вештини за вработување на млади лица до 29 години (странски јазици и компјутери),** Агенцијата за вработување на Република Македонија, на ден **22.02.2016** година, објавува

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**
**до**
**заинтересираните невработени млади лица до 29 години за учество во бесплатните обуки за странски јазици**

Се повикуваат евидентираните невработени млади лица до 29 години - активни баратели на работа, со завршено минимум средно образование, кои се заинтересирани да се здобијат со знаење на странски јазици, да се пријават во работниот клуб во Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија, каде се евидентирани како невработени лица.

Обуките за странски јазици ќе бидат насочени кон курсевите (степените) кои ги покриваат нивоата на Европската јазична рамка на Советот на Европа, за еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски).

Обуките ќе се реализираат во Скопскиот и во други региони во зависност од пројавениот интерес на евидентираните невработени млади лица за учество во програмата.
Услов за одржување на обуките во одреден регион е да има минимум 10 (десет) кандидати за посетување на настава на определен степен, кои го поминале еднофазниот односно двофазниот процес на селекција. Кандидатите заинтересирани за почетното ниво (А1.1 прв степен) ја поминуваат само административната селекција на Агенцијата за вработување на Република Македонија, додека кандидатите заинтересирани за повисоките степени на јазичната рамка ќе бидат дополнително тестирани од страна на обучувачкиот центар за проверка на знаењето.

За невработените млади лица до 29 години кои имаат ВСО, при изборот за учество во обуките ќе се применуваат следните критериуми:
- рангирање на факултетот на Шангајската листа – максимум 35 бода
- социјалниот статус (врз основа на приходите во семејството) – максимум 65 бода.

За невработените млади лица до 29 години кои имаат завршено минимум средно образование, при изборот за учество во обуките ќе се земе во предвид само социјалниот статус (врз основа на приходите во семејството).

Обуките ќе се изведуваат согласно начинот и динамиката за изведување на обуките предложени од обучувачкиот центар, а лицата кои редовно посетувале обука по завршување на истата полагаат завршен испит и добиваат уверение за успешно совладани тематски единици од определен степен. За да се добие уверение потребно е да се присуствува на најмалку 60% од часовите.

Предвидено е со обуките да се опфатат 1000 лица, а огласот ќе биде отворен се до целосно пополнување на предвидениот број на кандидати согласно оваа мерка.

Невработените лица кои се заинтересирани за учество во обуката можат да ги добијат сите потребни дополнителни информации во работниот клуб во Центрите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија.

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА